UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2021, ISSUE NUMBER 12

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP

FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 12 VOLUME XII

YEAR 2021

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**

**FACULTY OF LAW**

**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**
**Year 2021, Issue Number 12**
**ISSN 2545-4021**
**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D
**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for
Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"
**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M
**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
**Language editor**
Sladjan Spasovski
(Macedonian language)
**Technical editor**
Slave Dimitrov
**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip Republic of North Macedonia

# СОДРЖИНА

*ГЕОРГИЕВА Даниела*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ФЕМИЦИД ........................................................................................5

*ПАНЕВСКИ Перица*
ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО И АСПЕКТИ НА ПСИХО-СОЦИЈАЛНИ ИНТЕРВЕНЦИИ: СЛУЧАЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........................................................................................19

*СУРЛОВА Розе*
АНАЛИЗА НА МЕРКАТА ПРИТВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО НАШЕТО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................................................................33

*ШАЛЕВА Корнелија*
КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА УБИСТВОТО КАКО НАСИЛЕН КРИМИНАЛИТЕТ .........................43

**СУРЛОВА Розе**

**УДК: 343.126.1:342.7(497.7)**

# АНАЛИЗА НА МЕРКАТА ПРИТВОР НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ВО НАШЕТО ЗАКОНОДАВСТВО

*„Судиите постојано треба да имаат на ум дека, за гаранцијата за слобода да има смисла и значење, секое лишување од неа, секогаш треба да биде исклучително, објективно оправдано и со времетраење не подолго од апсолутно потребното.“*

.

***Моника Маковеј***

**Апстракт:** Притворот е најтешката мерка предвидена во Законот за кривичната постапка (ЗКП) која се изрекува со цел да се обезбеди непречен тек на кривичната постапка, како и да се отстранат опасностите од бегство на осомничените или обвинети лица, а како таква мерка треба да се изрекува единствено како последна опција, кога сите други мерки предвидени за таа намена не би можеле да го дадат посакуваниот ефект. Поаѓајќи од тоа, барањата и решенијата за определување на притворот мора да бидат соодветно образложени и поткрепени со докази кои укажуваат на разумното сомневање за постоење на опасност од бегство, попречување на кривичната истрага или повторување на делото, како и да бидат во согласност со процесното и материјалното право.

**Клучни зборови**: *човекови слободни и права, кривична постапка, кривично дело, осомничени, бегство*

**SURLOVA Rose**

**UDK: 343.126.1:342.7(497.7)**

# ANALYSIS OF THE PRISON MEASURE THROUGH THE PRISM OF HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS IN OUR LEGISLATION

*"Judges must always keep in mind that, in order for the guarantee of freedom to make sense, any deprivation of it must always be exceptional, objectively justified and lasting no longer than absolutely necessary."*

.

***Monica Macovei***

**Abstract:** Detention is the most severe measure provided for in the Law on Criminal Procedure (LCP) which is imposed in order to ensure the smooth flow of criminal proceedings, as well as to eliminate the dangers of escape of suspects or accused persons, and as such a measure should be pronounced only as a last resort, when all other measures provided for the same purpose could not give the desired effect. Therefore, the requests and decisions for detention must be properly reasoned and substantiated by evidence that indicates a reasonable

suspicion of the danger of absconding, obstruction of the criminal investigation or repetition of the offense, as well as be consistent with the procedural and substantive law.

**Keywords**: *human rights and freedoms, criminal proceedings, crime, suspects, escape*

## 1. Мерката притвор низ призмата на човекови прави и слободни

Човековата слобода е едно од темелните човекови права, кое покрај индивидуалните придобивки за секој човек поединечно, има позитивен ефект врз многу други гранки од општественото живеење, а со тоа носи и цивилизациски придобивки и развој. Сепак, човековата слобода може да биде ограничена. Имајќи го предвид нејзиното значење, особено во модерните општества, ваквото ограничување мора да биде направено само како последен избор и тоа во строги, законски предвидени услови, со одлука на суд по претходно спроведена законски предвидена и правична постапка.[1]

Согласно чл. 5 став 1 од Европската конвенција за човекови права и слободни, терминот притвор се користи, без оглед на тоа во која фаза од постапката е определен, па така тој го опфаќа притворот определен во претходна постапка пред поднесување на обвинение, притворот определен по поднесување на обвинението, а пред започнување на главната расправа, притворот кој е определен за време на главната расправа, како и притворот кој е определен по завршување на главната расправа, а пред или по донесување на неправосилна пресуда.[2] Како таков е предложен и од страна на Советот на Европа и Европската Унија во нивниот Прирачник за процена на употреба на мерката притвор.[3]

Притворот се определува како мерка за обезбедување на непречениот тек на кривичната постапка кон лице за кое постои основано сомневање дека сторило кривично дело, со цел да се оневозможи неговото бегство, прикривање на доказите или влијаење врз сведоците, како и да се оневозможи евентуално повторување на делото или сторување на ново кривично дело. Согласно ЕКЧП, како и согласно одредбите од домашниот ЗКП, притворот повторно мора да биде изречен од надлежен суд, со најкратко можно траење и само како последно средство, кога останатите мерки за обезбедување на непречен тек на кривичната постапка не би го дале посакуваниот резултат. Од друга страна, пак, поради природата на мерката, притворените лица имаат ограничени контакти со други лица (лица кои доаѓаат на посета, како и лица во самата установа каде се издржува мерката), ограничени извори на информации, ограничено време за рекреација во установата, како и целосно ограничување на правото на работа, поради што условите во кои се издржува притворот може да се каже дека се далеку поригорозни отколку затворската казна. Имајќи предвид дека притворот не е казна и дека се определува како мерка пред да биде (правосилно) осудено едно лице (доволен е полесен степен на сомнеж), односно додека за лицето важи претпоставката на невиност, несоодветната употреба на притворот и развивањето на несоодветна судска практика може да предизвика сериозни последици кон правото на слобода, но и кон правото на фер и правично судење. Поради ограничените контакти со лица, ограничениот пристап до информации и податоци, а со тоа и можноста за прибирање на докази, притворените лица имаат поинакви и потешки услови за подготовка на својата одбрана, не само за време на истрагата, туку и за подготовка на усното презентирање на доказите пред судот.[4]

Со самото изрекување на мерката притвор, не само што му се ограничува слободата на движење на лицето, туку како последица на тоа, се ограничуваат и правото на работа и ограничување, правото на приватност.

---

[1]Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 1: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/06/merkata-pritvor-pomeg%cc%81u-domashnata-i-evropskata-praksa.pdf

[2] Европска конвенција за заштита на човековите права

[3] European Union and Council of Europe, Pre- trial detention assessment tool, Partnership for good governance, https://rm.coe.int/pretrial-detention-assessment-tool/168075ae0

[4] Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 5,6

Европскиот суд за човекови права, повикувајќи се на чл. 5 од ЕКЧП и потенцирајќи на пресумпцијата во корист на слободата, зазема стојалиште согласно кое при определување на мерката притвор, судиите мораат да постапуваат со должно внимание и секогаш да постапуваат според претпоставката дека осомниченото или обвинетото лице треба да биде ослободено, односно секогаш кога имаат и најмал сомнеж при основаноста на притворот, да не ја определат таа мерка.[5] Сепак и покрај сите овие околности, притворот останува да биде доминантно користена мерка за обезбедување на присуството и непречениот тек на кривичната постапка, па така речиси една третина од затворската популација во светот се лица кон кои е определена мерката притвор и се во исчекување на судењата или пресудите.[6]

Доколку се анализираат податоците од изминатите 20 години на светско ниво, се бележи пораст на примената на мерката притвор, односно пораст на процентот на притвореници во вкупната затворска популација, по што можеме да заклучиме дека претставува глобален проблем.[7]

Согласно статистиката на ЕСЧП по однос на повредите на членовите предвидени во Конвенцијата за 2019 година, може да се заклучи дека чл. 5 е најпрекршуваниот член од страна на државите. Од страна на ЕСЧП констатирана е повреда на овој член во 204 предмети кои се поведени пред судот, а најчесто овие повреди доаѓаат од земји како: Русија, Украина и Турција. Веднаш по него се чл. 6 – Правото на правично судење, со 184 утврдени повреди, а потоа и чл. 3 – Забраната за нехуман и деградирачки третман, со 180 констатирани повреди.[8]

Ситуацијата на ова поле во нашата држава не е далеку од глобалниот тренд поради што е често мета на домашната и меѓународната јавност како земја која релативно лесно посегнува кон слободата на човекот, било да е тоа преку строгата казнена политика и честото изрекување на затворски казни, било преку лишувањето од слобода и притворањето на лица осомничени во кривични постапки. Поткрепа на тоа се извештаите на Народниот правобранител, Комитетот за превенција од тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување на Советот на Европа, како и на Комитетот за спречување на тортурата на Обединетите нации, според кои имаме исклучително тешки и нехумани услови во затворите и притворските одделенија, што во голема мера ги зголемува грижите за соодветната примена на мерката и последиците кои ги има врз притворениците и затворениците. Критиките главно доаѓаат од адвокатите кои се бранители во кривичните постапки, граѓански организации кои работат во обласата, како и од академската заедница, а тие се однесуваат на несоодветно законско регулирање на условите и постапката во која може да се изрече притворот, а особено на несоодветната примена на овие одредби во практика.[9]
За ова сведочат и неколкуте пресуди на ЕСЧП против Македонија во кои е констатирано прекршување на ЕКЧП и злоупотреба на притворот како прикриена казна со која треба да се нанесе дополнително страдање на притвореното лице.[10]

Согласно истражувањето направено од Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2008 год, постојат повеќе причини кои можат да влијаат на прекумерната употреба на притвор во нашата држава, почнувајќи од системските проблеми во законите и нивното спроведување во практика, правната традиција во земјата, културата и правната наука, дисфункционалноста на системот на кривично право поради проблеми како корупцијата, па сè до недостаток на институционален капацитет или ресурси за воведување и спроведување на останатите алтернативни мерки за обезбедување на присуството и непречениот тек на постапката, итн.[11]

---

[5] Case of Buzadji v Moldova 23755/07, https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-148659%22]}
[6] https://www.prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/world_pre-trial_list_4th_edn_final.pdf
[7] Catherine Heard, Helen Fair, Pre-Trial Detention and its Over-Use, Birkbeck University of London, November 2019, https://prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/pre-trial_detention_final.pdf
[8] https://www.echr.coe.int/Documents/Stats_violation_2019_ENG.pdf
[9] Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 3
[10] Ел Масри против Македонија, Рамковски и други против Македонија, Сејдији против Македонија и други.
[11] Притвор пред судењето - Национална пракса и меѓународни стандарди, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2008 година, https://www.osce.org/mk/skopje/31371?download=true

**2. Национална законска регулатива на мерката притвор**

Во домашното законодавство, прашањето за лишување од слобода е регулирано како во највисокиот државен акт – Уставот, така и во процесниот закон Законот за кривичната постапка – ЗКП.[12]

Согласно Уставот,[13] кој го нуди екстензивното сфаќање на терминот „лишување од слобода“, слободата на човекот е неприкосновена и никому не може да му биде ограничена, освен со одлука на суд и во случаи и со постапка утврдена со закон. Тргнувајќи од овие постулати, ЗКП во детали ја разработува и прецизира постапката за примена на дел од мерките за обезбедување присуство на осомничено или обвинето лице во (кривична) постапка, при што предвидува начела за определување на постапката – под посебно утврдени услови во законот; нејзиното траење – да биде сведено на најкратко нужно време; нејзината итност – обврската на сите засегнати органи да постапуваат со особена итност ако обвинетото лице се наоѓа во притвор.

Согласно горенаведеното, член 164[14] ги нормира условите под кои може да се определи притворот. Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко нужно време. Должност е на сите органи што учествуваат во кривичната постапка и на органите што им укажуваат правна помош да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор. При одлучување за притворот, особено за неговото траење, ќе се води посебна сметка за сразмерноста меѓу тежината на стореното кривично дело, казната која може да се очекува според податоците со кои располага судот и потребите за определување и траење на притворот. Во текот на целата постапка притворот ќе се укине веднаш штом ќе престанат причините врз основа на кои бил определен.

Штом се утврди дека постои основано сомневање за определено лице дека сторило кривично дело (доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка), против тоа лице може да се определи притвор, доколку:

а се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет (притворот трае додека идентитетот не биде утврден) или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство;

б постои основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите;

в особени околности го оправдуваат стравот дека ќе го повтори кривичното дело, или ќе го доврши обиденото кривично дело или дека ќе стори кривично дело со кое се заканува;

г уредно повиканиот обвинет очигледно избегнува да дојде на главната расправа, или ако судот направил два обиди уредно да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно одбегнува да ја прими поканата. (притворот трае до објавување на пресудата, а најдолго 30 дена).

Во случајот од точка **б,** притворот ќе се укине веднаш штом ќе се обезбедат доказите поради кои е определен притворот, како и во случај кога обвинетиот дал изјава со која ја признал вината.[15]

Во образложението на решението за притвор задолжително ќе се наведат:

- сите факти и докази од кои произлегува основаното сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело,
- образложените причини кои ја оправдуваат секоја одделна основа по која е определен притворот,
- причините поради кои судот смета дека целта на притворот не може да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство.

Решението се заверува со службен печат и потпис на судијата кој го определува притворот. Со решението со кое се определува притворот од оправдани причини може да се определи

[12] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник 15/2005

[13] Чл. 12 од Уставот на Република Северна Македонија

[14] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник 15/2005

[15] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник 15/2005, чл. 165

извршувањето на притворот да се спроведе во одделение за притвор во друга казненопоправна установа.

Притворот во текот на постапката се користи на три нивоа:

- во текот на истрагата пред поднесување на обвинение, па дури и пред донесување на наредба за поведување на истражна постапка;
- по поднесување на обвинение;
- по изрекување на пресудата до правосилност на истата односно до започнување со издржување на изречената казна затвор.

Како поблага форма на погоре опишаната мерка за обезбедување присуство, поточно уште една од мерките во спектарот на лишувањето од слобода, претставува куќниот притвор. Во услови на изрекување на оваа мерка, на обвинетиот на кого му се изрекува му се ограничува неговата слобода на движење, па лицето се локализира во рамките на својот дом или местото во кое престојува. Ова претставува еден вид алтернатива на мерката притвор, но похумана, со тоа што овде отсуствуваат ограничувањата кои се предвидени за притворениците во казненопоправните установи. Имајќи предвид дека за лицата кои ја издржуваат оваа мерка постојат субјективни причини за напуштање на домот, забраната за напуштање на домот не е апсолутна. Впрочем, оттаму се јавува и потребата за нејзиното издржување во домот.[16] ЗКП предвидува две околности поради кои лицето може со дозвола да го напушти својот дом, а тоа се:

а потребата за лекување,

б посебни околности поради кои може да настапат штетни последици по животот, здравјето или имотот на лицето или неговите блиски.[17]

Дополнително, како дел од кривично-правните реформи во државата донесен е Законот за пробација, чија главна цел беше токму промовирањето на алтернативните мерки на притворот во светот, како и на затворската казна, но поради отсуство на соодветни истражувања и мапирање на реалните потреби, предизвици и капацитети за практична имплементација (слично како и со ЗКП), Законот за пробација практично остана неприменлив во практиката, поради што кривично-правниот систем продолжи да се соочува со истите проблеми во поглед на високата стапка на лишување од слобода како санкција, а особено како мерка за обезбедување на непречениот тек на кривичната постапка. Иако затворската казна постепено го отстапува просторот на паричните казни, а особено условната осуда како алтернативна мерка за полесните кривични дела, сепак полесните мерки за обезбедување на непречен тек на кривичната постапка кои треба да бидат алтернатива на притворот не најдоа поширока примена.[18]

Во суштината на овој процес лежи потребата од „унапредување на заштитата на човековите права во Европската Унија кој е поврзан со поставувањето интегрален и ефикасен систем на инструменти и механизми за имплементација на европските стандарди заснован врз сеопфатна анализа на достигнатото рамниште на остварување на основните слободи и права, детерминирано со констелацијата на општествени, политички, економски и културни услови и односи; да обезбеди примена, со нужното приспособување кон спефичичностите на националниот правен систем, на европските и меѓународните документи за основните слободи и права (ЕКЧП, Повелбата за основните права, документите на ООН итн.); и поаѓајќи од интегралниот поим на правото (систем од норми, примена на правото, праведни одлуки во конкретните случаи) да биде развиен како комплементарен систем на уставно, законско и институционално рамниште.“[19]

---

[16] Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 20

[17] Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник 15/2005, чл. 163, ст 2

[18] Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 20

[19] В. Камбовски, година Кривичниот законик – прв чекор кон големата реформа на македонското казнено право, „Безбедност" бр. 3, 199, стр. 24-25.

**2.1 Пример на Решение за определување на притвор**

К-ПП Бр._____

СУДИЈАТА НА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА во ОСНОВНИОТ СУД _________, __________ постапувајќи по предлогот за определување на мерка притвор на Основното јавно обвинителство _________, КО. бр.____ од _______ година, поднесен против осомничениот _______________ од __________, поради постоење на основи на сомнение дека сторил кривично дело – _______________ од КЗ, согласно чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП в.в. со чл.168 од ЗКП и чл.162 в.в. со чл.69 ст.4 од ЗКП, на ден _____ година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

I.

СЕ ОПРЕДЕЛУВА МЕРКА ПРИТВОР ПРОТИВ ОСОМНИЧЕНИОТ _________ од татко ________, мајка _________, роден на _________ година во _________, живее во _________ на ул.________ бр.___, со завршено ____ образование, женет/неженет, по националност _______, државјанин на _____, со ЕМБГ_______; 3 http://www.pravda.gov.mk/documents/Miladinovidr.pdf, 18.04.2016 година. во траење од ___ дена, сметано од _____ година од ____ часот до _____ година до ____ часот, а поради постоење на причините предвидени во чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП, за кривично дело _______ од КЗ, наведено во наредба за спроведување истражна постапка од ОЈО __________ КО бр.___ од ____ година.

Определената мерка притвор ќе се извршува во КПУ затвор _____.

II.

Постапувајќи по службена должност се утврдува дека осомничениот___________ доведен во судот на ______ година во _____ часот, пред судија на претходна постапка на ден __ година во __ часот, е законито со решение за задржување на лице од МВР на РМ СВР __ бр.______ од _________ година.

**О б р а з л о ж е н и е**

ОЈО _________ поднесе до судијата на претходна постапка предлог за определување мерка притвор против осомничениот ______________, под КО бр.__________ од ____ година, поради постоење на основите за притвор од чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП. Во прилог достави наредба за спроведување на истражна постапка против осомничениот _________ поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело ________ од КЗ.

Кривично-правниот настан се одиграл на начин што _________________.

Во врска со кривично-правниот настан за којшто се спроведува истражна постапка постојат следните вербални и писмени докази __________________. Во предлогот се наведува дека постојат основите за притвор од чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП, односно дека постои опасност од негово бегство доколку се брани од слобода или ќе се крие, имајќи ги предвид, ______________, ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоците, соучесниците или прикривачите, а фактот што тој се занимавал со превоз на лица, упатува на постоење основан страв дека повторно ќе изврши вакво кривично дело. Поради наведеното, предлага судијата на претходна постапка да донесе решение со кое ќе определи притвор согласно чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП.

Во врска со поднесениот предлог за определување мерка притвор, судијата на претходна постапка ги испита странките во постапката и бранителот, па притоа осомничениот наведе дека _________________. Јавниот обвинител остана при писмено поднесениот предлог за определување на мерка притвор, смета дека постојат основите за притвор, предвидени во чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП. Бранителот смета дека ___________.

По испитувањето на странките и бранителот, судијата на претходна постапка најде дека: Предлогот за определување мерка притвор е основан.

Имено, во конкретниот случај, судијата на претходна постапка смета дека постојат основите за определување мерка притвор предвидени во чл.165 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП, односно дека постои опасност од негово бегство доколку се брани од слобода, основан страв дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело или ќе ја попречува постапката со влијание врз сведоците, вештаците, соучесниците или прикривачите како и дека постои оправдан страв дека ќе го повтори кривичното дело.

При одлучувањето судот го имаше предвид видот и карактерот на кривичното дело, висината на запретената казна за делото, посебно околноста дека _____________________, кој реално укажува на постоење опасност од негово бегство или можност да се крие надвор од границите на Р. Македонија.

Со оглед на тоа дека наредбата за спроведување истражна постапка е штотуку донесена во текот на која треба да се спроведат повеќе истражни дејствија, а ако се има предвид присуството________________, постои оправдан страв дека доколку осомничениот се брани од слобода ќе ги уништи трагите на кривичното дело, ќе ги сокрие, а може да ја попречува постапката со влијание на сведоци, соучесници или прикривачи.

Имајќи го предвид фактот дека ____________, укажува на постоење на основан страв дека може да го повтори кривичното дело за кое се товари. Судијата на претходна постапка смета дека со оваа мерка како најсоодветна во конкретниот случај ќе се обезбеди присуство на осомничениот во натамошниот тек на постапката и дека во овој момент нема можност за определување поблага мерка.

Постапувајќи по службена должност, а во смисла на чл.162 ст.1 од ЗКП, судијата на претходна постапка утврди дека осомничениот, е законито лишен од слобода со службена белешка за лишување од МВР на РМ ___ бр.__ од ___ година, односно задржан со решение за задржување на лице од МВР на РМ–СВР __ бр.__ од __ година, на __ година во __ часот. Имајќи го предвид наведеното се одлучи како во изреката на решението.

**ОСНОВЕН СУД __________, К-ПП. бр._______ од _________ година**

Судија на претходна постапка ____________________

ПОУКА: Против решението од став 1 од изреката, дозволена е жалба во рок од 24 часа по приемот на решението преку судијата на претходна постапка до Советот од чл.25 ст.5 од ЗКП.

**ЖАЛБАТА НЕ ГО ЗАДРЖУВА ИЗВРШУВАЊЕТО НА РЕШЕНИЕТО**

Против решението од ст.2 од изреката, дозволена е жалба во рок од 48 часа по приемот на истото преку судијата на претходна постапка до Советот од чл.25 ст.5 од ЗКП.

ДН:
- на осомничениот,
- на ОЈО
- на бранителот адв._____,
- на КПУ „Затвор ____.

### 2.2 Анализа на пресудата Рамковски против Македонија (Жалба бр. 33566/11)[20]

Предмет во кој ЕСЧП (понатаму во текстот, Судот) утврдил несоодветна образложеност и аргументираност на решенијата за притвор, како и отсуство на индивидуализиран пристап за обвинетите. Се работи за предмет познат на јавноста како „Пајажина“, кој беше еден од најконтроверзните случаи, во јавноста честопати критикуван и посочуван како пример за злоупотреба на притворот како прикриена казна и како начин за пресметка на власта со медиумската куќа која тогаш беше критички настроена кон Владата.

Во конкретниот случај, вкупно 19 лица беа притворени во фаза на истрага, во процес започнат поради сомнежи за даночно затајување и перење на пари, сторени од страна на организирана група. Притворот е првично определен по сите три основи за притвор предвидени

[20] Пресуда Рамковски против Македонија, од 8 февруари 2018 , http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/РАМКОВСКИ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf

во ЗКП – опасност осомничените да се дадат во бегство, да го повторат делото и да влијаат врз истрагата, а по поднесувањето на обвинението притворот е продолжен само врз основа на опасноста од бегство и постоењето посебни околности кои укажуваат на тоа дека обвинетите можат да го повторат делото. За пет лица притворот во текот на постапката е заменет со куќен притвор, а за едно лице со полесни мерки за обезбедување, додека девет лица остануваат во притвор повеќе од една година. Вкупно дваесет обвинети лица во случајот се прогласени за виновни со правосилна судска пресуда, меѓу кои и сите 19 лица за кои е првично определена мерката притвор.

Во постапувањето по поднесената апликација, Судот утврдил повреда на член 5 од Конвенцијата поради тоа што при определувањето и продолжувањето на притворот, како и во решенијата на Апелациониот суд со кои одлучувал по жалбите на решенијата за притвор во образложенијата се користени речиси идентични реченици. Ова е причина поради која Судот смета дека домашните судови не покажале и не аргументирале ниту еден конкретен факт во поглед на оправданоста за определување на притворот. Конкретно, во поглед на опасноста од бегство, која е искористена како доминантна основа за продолжување на притворот во овој случај, домашните судови своите одлуки ги базираат само на предвидената казна и на тежината на делото за кое се обвинуваат лицата, што само по себе, според Судот, не може да биде основа за определување притвор.

Дополнителна причина за ваквата одлука на Судот според образложенијата е фактот што неколку од сообвинетите во овој случај биле во бегство, факт кој домашните судови го ценат како факт што го зголемува ризикот од бегство и на другите обвинети. Поради ова, Судот повторно нагласува дека: „однесувањето на другите обвинети во никој случај не може да биде одлучувачки фактор при изрекувањето на притворот и дека секогаш мора да постојат лични околности за секое лице кон кое се изрекува мерката“. Во поглед на опасноста од повторување на делото, Судот смета дека тоа што обвинетите го сториле делото во група само по себе не може да биде доволно за да ги оправда долгите периоди на притвор, додека пак фактот што обвинетите лица сè уште ги држеле истите позиции во компаниите опфатени во случајот, според Судот може да биде релевантен фактор при одлучувањето за определување на притворот, но не може само по себе да биде основа за продолжување на притворот. Дополнително, во пресудата Судот наведува и дека: „за продолжување на притворот по истекот на определено време мора да постојат дополнителни и позначајни причини, соодветно поткрепени со докази и образложенија за секое следно продолжување на притворот“.[21]

### 2.3 Случајот „Ласкаци“

Во конкретниот случај била определена мерка притвор, која по жалбата на тогаш осомничените лица се преиначила во куќен притвор, мерка која се спроведувала од 14.03.2019, па сè до 01.08.2019 кога оваа мерка е преиначена од страна на Апелациониот суд во мерка притвор по претходно поднесена жалба од Основното јавно обвинителство Скопје. Иако мерката куќен притвор се извршува повеќе од 4 месеци (додека трае истрагата) за кое време лицето активно соработува со органите на прогонот, судот сепак решава оваа мерка да ја замени со мерката притвор со образложение дека обвинетиот може да се даде во бегство поради тоа што против него е покренат обвинителен акт, притоа повикувајќи се исклучиво на наводите на обвинителството дека: „обвинетиот живее во специфично планинско подрачје, па е основан стравот дека обвинетиот може да се даде во бегство“. Видно од решението, единствената околност која е променета е подигнувањето на обвинение против лицето за што судот цени дека е доволна причина куќниот притвор да биде заменет со затворски притвор, притоа не нудејќи подетални образложенија за овој став, ниту пак повикувајќи се на одредени докази кои укажуваат на зголемена опасност од бегство, а дополнително судот се повикува на општи наводи, според кои, кое било лице кое живее во специфично планинско подрачје, доколку е обвинето би требало да биде притворено. Токму ваквите генерички образложенија дадени од страна на судот во

[21] Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, стр 25

решенијата за определување притвор, ЕСЧП ги детектира како проблематични од аспект на правото на слобода и сигурност, особено кога судот не ги зема предвид полесните мерки за обезбедување на присуството на обвинетото или осомниченото лице (случаи С. В. и А против Данска, Моорен против Германија, Бузаџи против Молдавија, Асанидце против Грузија, Мерабишвили против Грузија, Кудоров против Русија, Амбрускевиц против Полска).[22]

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ – Скопје, Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса

Коалиција „Сите за правично судење“, Мерката притвор низ призмата на Европскиот суд за човекови права, октомври 2019

В. Камбовски, година Кривичниот законик – прв чекор кон големата реформа на македонското казнено право, „Безбедност” бр. 3

Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје , Притвор пред судењето - Национална пракса и меѓународни стандарди, 2008 год, https://www.osce.org/mk/skopje/31371?download=true

Catherine Heard, Helen Fair, Pre-Trial Detention and its Over-Use, Birkbeck University of London, November 2019, https://prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/pre-trial_detention_final.pdf

Case of Buzadji v Moldova 23755/07, https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-148659%22]}

Пресуда Рамковски против Македонија од 08.02.2018, http://biroescp.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/РАМКОВСКИ-против-РЕПУБЛИКА-МАКЕДОНИЈА-Пресуда.pdf

European Union and Council of Europe, Pre- trial detention assessment tool, Partnership for good governance, https://rm.coe.int/pretrial-detention-assessment-tool/168075ae0

Закон за кривична постапка – пречистен текст, Службен весник 15/2005

Уставот на Република Северна Македонија

Европска конвенција за заштита на човековите права

https://www.echr.coe.int/Documents/Stats_violation_2019_ENG.pdf

https://www.prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/world_pre-trial_list_4th_edn_final.pdf


[22] Коалиција „Сите за правично судење“, Мерката притвор низ призмата на Европскиот суд за човекови права, Октомври 2019, стр. 4